СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр. 2-1**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2022 година

**Битола, 2023 година**

# **М И С Л Е Њ Е**

## **на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2022 година**

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2022 година претставува презентација на целокупниот процес на работењето на Банката во текот на 2022 година од аспект на условите во кои Банката ја вршеше својата деловна активност, финансиската состојба на Банката, остварениот финансиски резултат и пазарната позиција. Во извештајот реално е презентирано остварувањето по одделни сегменти од деловното работење, притоа почитувајќи ја законската регулатива и регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија. Извештајот вклучува податоци за промените на макроекономските и пазарните услови во кои работеше Банката, како и податоци за работењето на органите на Банката во рамки на Извештајот за корпоративно управување, кој е составен дел на овој извештај.

Од годишниот извештај може да се констатира дека во едно динамично и неизвесно оркружување под силно влијание на негативните последици од конфликтот меѓу Русија и Украина, тесните грла во синџирите на снабдување, високите цени на енергенсите и двоцифрена инфлација, Стопанска банка а.д. Битола покажа висок степен на респонзивност на промените и успеа да оствари позитивен финансиски резултат, односно добивка пред оданочување во износ од 32,77 милиони денари, со што беше постигна стапка на поврат на капиталот од 1,63 % и стапка на поврат на активата од 0,26 %. Што се однесува до позициите во билансот на состојба, значајно е што депозитите на физички лица како главен извор на финансирање се зголемија за 6,46 %, со што делумно го компензираа намалувањето на депозитите на правни лица, од кои дел се соочија со ликвидносни проблеми и потреба за повлекување на депозитите заради намирување на тековни обврски. На страната на активата, фокусот беше ставен на дисперзија на ризик преку подинамично кредитирање на физички лица за сметка на кредитирање на корпоративни клиенти. Кредитите на физички лица се зголемија за 8,11 % во бруто-износ, на годишна основа.

Во услови на голема глобална економска неизвесност, кога централните банки ги зајакнуваат системските мерки за подигнување на стабилноста и отпорноста на шокови на банките, Стопанска банка а.д. Битола во 2022 година значително ги зајакна капиталот и резервите преку распоредувањето на добивката од претходната година во износ од 345,10 милиони денари во задржана добивка. Со тоа стапката на адекватност на капиталот со 31.12.2022 година достигна рекордни 20,73 % што е над просекот на ниво на банкарски сектор каде што овој показател изнесуваше 17,70 %.

Во Годишниот извештај се вклучени информациите пропишани со Законот за трговските друштва, Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија за правилата за добро корпоративно управување во банка и Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје.

Наше мислење е дека Годишниот извештај дава комплетна и објективна слика за целокупното работење на Банката во 2022 година, состојбата на нејзините средства и финансиската успешност.

**НО бр. 02-4603/1/II.2-1-1**
**Битола, 27.3.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**
**Надзорен одбор**
**Претседател**
**м-р Миле Зечевиќ**